Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-757/2
14-11-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–757/1 од 26.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скопје, за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, од страна на Пошта на Северна Македонија, ЦРТС Скопје 1, со седиште на [redacted], Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–757/1 од 26.10.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против Пошта на Северна Македонија, ЦРТС Скопје 1.

Во претставката подносителката наведува дека се повикува на Уставот на Република Северна Македонија, конкретно на член 32 и член 8 од истиот. Имено, подносителката била ангажирана во Пошта на Северна Македонија, со Договор за вршење услуги на неопределено време, а работела за помала плата и не и биле платени придонеси, а потоа забележала дека нема ни договор за работа што според неа претставува флагрантен пример на дискриминација на повеќе основи.

По разгледување на наводите во претставката Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по прашањето кое е предмет на претставката, а земени предвид нејзините законски надлежности, таксативно утврдени со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во врска со предметното прашање Комисијата ја упатува подносителката да бара и оствари заштита на своите права од работен однос во постапка пред надлежен граѓански суд.

Воедно, Комисијата утврди дека предметната претставка се однесува на дејствија кои се преземени по истек на апсолутниот и релативниот рок за постапување на Комисијата, утврдени со член 24 став (5) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно кој *Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата.*

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
14.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk